Број на Службен весник:50/2026

Датум на објава на Службен весник:09.03.2026

**МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ**

Врз основа на член 54 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22, 65/23 и 192/25), министерот за социјална политика, демографија и млади, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА НАДОМЕСТОК ЗА ПОМОШ И НЕГА ОД ДРУГО ЛИЦЕ, ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА, ОБРАЗЕЦОТ ЗА ДАДЕНО МИСЛЕЊЕ ОД СТРАНА НА МАТИЧНИОТ ЛЕКАР ЗА ПОТРЕБАТА ОД ПОМОШ И НЕГА ОД ДРУГО ЛИЦЕ, НАЧИНОТ НА РАБОТАТА НА СТРУЧНАТА КОМИСИЈА, СОСТАВОТ И НАЧИНОТ НА РАБОТАТА НА ВТОРОСТЕПЕНАТА КОМИСИЈА, НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ИЗДАДЕНИТЕ НАОДИ И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ ЗА ДАВАЊЕ НА НАОД, ОЦЕНА И МИСЛЕЊЕ ЗА ПОТРЕБАТА ОД ПОМОШ И НЕГА ОД ДРУГО ЛИЦЕ

## Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот за остварување на правото на надоместок за помош и нега од друго лице, образецот на барањето и потребната документација, образецот за дадено мислење од страна на матичниот лекар за потребата од помош и нега од друго лице, начинот на работата на стручната комисија, составот и начинот на работата на второстепената комисија, начинот на водење евиденција за издадените наоди и формата и содржината на образецот за давање на наод, оцена и мислење за потребата од помош и нега од друго лице.

## Член 2

(1) Барањето за остварување на право на надоместок за помош и нега од друго лице се доставува до месно надлежниот центар за социјална работа (во натамошниот текст: Центарот).

(2) Барањето од став (1) на овој член, се издава на образец „Барање за остварување на право на надоместок за помош и нега од друго лице“, кој е даден во Прилог бр. 1 и е составен дел на овој правилник.

(3) Образецот на барањето од став (1) на овој член, се печати на хартија во бела боја со А-4 формат.

## Член 3

Кон барањето од член 2 став (1) од овој правилник, за барателот на правото се поднесува/обезбедува следната документација:

1. важечка лична карта за државјанин на Република Северна Македонија, дозвола за постојан престој на странецот, важечка лична карта за лице барател на право на азил, лице со

статус на бегалец и лице под супсидијарна заштита, се доставува само на увид за докажување на идентитетот и државјанството;

2. мислење од матичен лекар за потребата од помош и нега од друго лице со Бартелов индекс;

3. отпусно писмо со специјалистички извештај и/или друга медицинска документација;

4. копија од трансакциска сметка;

5. наод, оцена и мислење за потребата од помош и нега од друго лице на стручната комисија.

**Член 4**

(1) Центарот барањето за прибавување на податоци за факти за кои службена евиденција води друг државен орган, односно друг субјект кој води регистар на податоци, по претходно дадената согласност од странката за користење на нејзините лични податоци во постапката за остварување на правото на надоместок за помош и нега од друго лице, го поднесува на образец – Барање за прибавување на податоци по службена должност, кој е даден во Прилог бр. 2 и е составен дел на овој правилник.

(2) Барањето од став (1) на овој член, се печати на хартија во бела боја со А4 формат.

(3) Институцијата која дава одговор по поднесеното барање, одговорот го доставува до центарот на образец – Одговор на барањето за прибавување на податоци по службена должност, кој е даден во Прилог бр. 3 и е составен дел на овој правилник.

(4) Одговорот од став (3) на овој член, се печати на хартија во бела боја со А4-формат.

**Член 5**

(1) Писмената согласност за користење на личните податоци на барателот на правото на надоместок за помош и нега од друго лице се дава на образец – Изјава, кој е даден во Прилог бр. 4 и е составен дел на овој правилник.

(2) Писмената согласност од став (1) на овој член, се печати на хартија во бела боја со А4-формат.

**Член 6**

Мислењето дадено од страна на матичниот лекар за потребата од помош и нега од друго лице со Бартелов индекс, се издава на образец „Мислење од матичниот лекар за потребата од помош нега од друго лице“, кој е даден во Прилог бр. 5 и е составен дел на овој правилник.

**Член 7**

(1) Под трајни или привремени промени на здравствената состојба во смисла на овој правилник, се сметаат вродени или стекнати заболувања или повреди на органите или органските системи утврдени според Меѓународната статистичка класификација на болестите и сродните заболувања на Светската здравствена организација, при што во посебна листа се

селектирани оние ентитети кои доведуваат до тешки оштетувања на физичките и менталните функции и намалување или губење на функционалната способност на лицето за самостојно извршување на секојдневните активности за задоволување на основните животни потреби – Листа на трајни и привремени промени на здравствената состојба.

(2) Листата на трајни и привремени промени на здравствената состојба од став (1) на овој член, е дадена во Прилог бр. 8, кој е составен дел на овој правилник.

**Член 8**

Наод, оцена и мислење за потребата од помош и нега од друго лице, се дава од страна на надлежната стручна комисија (во натамошниот текст: стручната комисија) на образец „Наод, оцена и мислење за потребата од помош и нега од друго лице“, кој е даден во Прилог бр. 6 и е составен дел на овој правилник.

**Член 9**

(1) Со работата на стручната комисија раководи претседателот на стручната комисија.

(2) Стручната комисија работи и одлучува во полн состав, а по исклучок во случај на оправдано отсуство на еден член, може да одлучува во состав од два члена.

**Член 10**

(1) Наодот, оцената и мислењето за потребата од помош и нега од друго лице се даваат врз основа на непосреден преглед на подносителот на барањето.

(2) По исклучок од став (1) на овој член, во случај кога од приложената медицинска документација несомнено може да се утврди потребата од помош и нега од друго лице, наодот, оцената и мислењето, се даваат врз основа на доставена медицинска документација без непосреден преглед.

**Член 11**

(1) Во постапката по поднесена жалба против првостепено решение за правото на надоместок за помош и нега од друго лице, наод, оцена и мислење за потребата од помош и нега од друго лице, се дава од страна на второстепената комисија за давање наод, оцена и мислење за потребата од помош и нега од друго лице (во натамошниот текст:

второстепената комисија).

(2) Второстепената комисија е составена од три члена, од кои:

1. доктор специјалист, претседател;

2. доктор специјалист, член и

3. доктор специјалист, член.

(3) Со работата на второстепената комисија раководи претседателот на комисијата.

(4) Второстепената комисија работи и одлучува во полн состав на работни седници, а по исклучок во случај на оправдано отсуство на еден член, комисијата може да одлучува во состав од два члена.

(5) Второстепената комисија дава наод, оцена и мислење за потребата од помош и нега од друго лице врз основа на медицинската документација и списите во предметот.

**Член 12**

Наодот, оцената и мислењето од член 11 од овој правилник, се издава на образец кој е даден во Прилог бр. 7 и е составен дел на овој правилник.

**Член 13**

(1) Евиденцијата на издадените наоди, оцени и мислења на стручната комисија за утврдување на потребата од помош и нега од друго лице се води во книга и електронски и содржи: реден број, број и датум на предметот на центарот, име, презиме и матичен број на барателот, број на наодот, оцената и мислењето, оцена и мислење за потребата од помош и нега од друго лице, дијагноза на основната болест со назначување на шифрата, контролен преглед и забелешка.

(2) Евиденцијата која се однесува на лице со статус на бегалец и лице под супсидијарна заштита, не се разменува на каков било начин со нивната земја на потекло.

**Член 14**

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот за остварување на правото на надоместок за помош и нега од друго лице, образецот на барањето и потребната документација, образецот за дадено мислење од страна на матичниот лекар за потребата од помош и нега од друго лице, начинот на работа на стручната комисија, составот и начинот на работата на второстепената комисија, начинот на водење евиденција за издадените наоди и формата и содржината на образецот за давање на наод, оцена и мислење за потребата од помош и нега од друго лице („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 126/19 и 192/20).

**Член 15**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 10-2318/1 | Министер за социјална |
| 3 март 2026 година | политика, демографија и млади |
| Скопје | **Фатмир Лимани,** с.р. |

Прилог бр. 1

ДО ______________________________

(се наведува центарот за социјална работа според постојаното место на живеење на подносителот на барањето)

## БАРАЊЕ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВО НА НАДОМЕСТОК ЗА ПОМОШ И НЕГА ОД ДРУГО ЛИЦЕ

### 1. ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО

| Име | Презиме | | |
|---|---|---|---|
| | | | |
| Улица и број | Населено место | Општина | |
| | | | |
| Број на лична карта | Издадена од | Датум на издавање | Важност до |
| | | | |

### 2. ПОДАТОЦИ ЗА НОСИТЕЛОТ НА ПРАВОТО

| Име | Презиме | |
|---|---|---|
| | | |
| Ден, месец и година на раѓање | Место на раѓање | Матичен број на граѓанинот |
| | | |
| Државјанство | Националност | |
| Име на татко | Име на мајка | |

### 3. ПОДАТОЦИ ОД ЛИЧНА КАРТА

| Број на лична карта | Издадена од | Датум на издавање | Важност до |
|---|---|---|---|
| | | | |
| Улица и број | Населено место | Општина | |
| | | | |

### 4. ПОДАТОЦИ ЗА ПРЕСТОЈУВАЛИШТЕ (само доколку се разликува од податоците во личната карта)

| Установа | |
|---|---|

| Улица и број | Населено место | Општина |
|---|---|---|
| | | |

**5. ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА**

Број на трансакциска сметка

Датум и место на поднесување на барањето

______________________________

Потпис на службено лице кое го примило барањето

Потпис на подносителот

_________________________ _________________________

**6. КОН БАРАЊЕТО ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВО НА НАДОМЕСТОК ЗА ПОМОШ И НЕГА ОД ДРУГО ЛИЦЕ СЕ ПОДНЕСУВА/ОБЕЗБЕДУВА СЛЕДНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА:**

1. Важечка лична карта за државјани на Република Северна Македонија, дозвола за постојан престој на странец, важечка лична карта за лице со статус на бегалец и за лице под супсидијарна заштита, се доставува само на увид за докажување на идентитетот и државјанството.
2. Мислење од матичен лекар за потребата од помош и нега од друго лице со Бартелов индекс.
3. Отпусно писмо со специјалистички извештај и/или друга медицинска документација.
4. Копија од трансакциска сметка.
5. Наод, оцена и мислење за потребата од помош и нега од друго лице на стручна комисија.

**Прилог бр. 2**

## Барање за прибавување на податоци по службена должност

| | | |
|---|---|---|
| 1. Податоци за Центарот за социјална работа од каде се поднесува барањето: | | |
| 1.1. | Институција (назив): | |
| 1.2. | Адреса: | |
| 1.3. | Датум и време на поднесување на барањето: | |
| 1.4. | Број на барањето: | |
| 1.5. | Предмет на барање (податоци за факти кои се бараат и за кои службена евиденција води органот од кои што се бараат податоците): | |
| 1.6. | Законски рок за добивање одговор (3 дена): | |
| 2. Податоци за службеното лице кое постапува по барањето на странката во институцијата која бара податоци: | | |
| 2.1. | Име: | |
| 2.2. | Презиме: | |
| 2.3. | Назив на работно место: | |
| 2.4. | Електронска пошта: | |
| 2.5. | Дигитален потпис на службеното лице | |
| 3. Податоци за странката која има поднесено барање: | | |
| 3.1. | За физичкото лице кое има поднесено барање: | |
| 3.1.1. | Име: | |
| 3.1.2. | Презиме: | |
| 3.1.3. | Матичен број на граѓанинот: | |
| 3.1.4. | Други информации по потреба: | |
| 4. Предмет на барањето на странката поставено пред центарот надлежен за решавање на барањето: | | |
| | Предмет на барањето поставено од странката до органот за решавање на барањето (органот кој што ги бара податоците за службените факти за кои евиденција води органот од кој што се бараат податоците – Што барал субјектот): | |
| 5. Согласност | | |
| | Произнесување дали странката која што поднесува барање има дадено согласност за користење на нејзините лични податоци во постапката за остварување на правото пред надлежните органи (право на избор на странката): | |

**Прилог бр. 3**

**Одговор на барање за прибавување на податоци по службена должност**

| | | |
|---|---|---|
| 1. Податоци за институцијата која доставува податоци за кои води службена евиденција: | | |
| 1.1. | Институција (назив): | |
| 1.2. | Адреса: | |
| 2. Податоци за доставениот одговор: | | |
| 2.1. | Број, датум и време на доставување податоци (одговор): | |
| 2.2. | Број на барањето на кое се одговара: | |
| 2.3. | Вид на податоци кои се доставуваат: | |
| 3. Податоци за службеното лице кое доставува одговор: | | |
| 3.1. | Име: | |
| 3.2. | Презиме: | |
| 3.3. | Назив на работно место: | |
| 3.4. | Електронска пошта на корисникот: | |
| 3.5. | Дигитален потпис на службеното лице | |
| 4. Податоци за странката за која се доставуваат податоците (одговор): | | |
| 4.1. | За физичкото лице кое има поднесено барање: | |
| 4.1.1. | Име: | |
| 4.1.2. | Презиме: | |
| 4.1.3. | Матичен број на граѓанинот: | |
| 4.1.4. | Други информации во врска со барањето: | |
| 4.2. | Одговор на барањето (наведување што конкретно се доставува): | |
| 4.2.1. | ... | |
| 4.2.2. | ... | |
| 4.2.3. | Други информации (евентуално не постоење на факти за барањето) | |

**Прилог бр. 5**

# МИСЛЕЊЕ

ОД МАТИЧЕН ЛЕКАР ЗА ПОТРЕБАТА
ОД ПОМОШ И НЕГА ОД ДРУГО ЛИЦЕ

**1. Лични податоци за пациентот**

а) Име и презиме ______________________________

б) Датум на раѓање ______________________________

в) Место и адреса на живеење ______________________________

**МБГ** ____________________

**2. Мислење на матичниот лекар**

**2.1** Прегледот е извршен
а) Во домот на пациентот (ДА - НЕ)
б) Во амбуланта (ДА - НЕ)

**2.2 Каква е подвижноста на осигуреникот:**
а) Воопшто не е подвижен (ДА - НЕ)
б) Со можност да седнува и станува (ДА - НЕ)
в) Со можност да се движи во собата (ДА - НЕ)
г) Со можност да се движи надвор од собата
со помош на друго лице (ДА - НЕ)
д) Со можност да се движи со ортопедски помагала (ДА - НЕ)

**2.3 Малата и големата нужда пациентот ја обавува:**
а) Во кревет неконтролирано (ДА - НЕ)
б) Во кревет контролирано со гуска и лопата (ДА - НЕ)
в) Станува и оди во WC со помош на друго лице (ДА - НЕ)

**2.4** Пациентот може сам да се храни (ДА - НЕ)
**2.5** Пациентот може сам да се облекува и соблекува (ДА - НЕ)
**2.6** Пациентот е потполно слеп/100% (ДА - НЕ)
**2.7** ПАЦИЕНТОТ БОЛЕДУВА ОД (ДГ) (ДА - НЕ)

______________________________________________________

______________________________________________________

**2.8 МИСЛЕЊЕ:** Пациентот има потреба од помош и нега (ДА - НЕ)

**3. ПРИЛОГ:** Медицинска документација ( дијагностицирање и лекување)

**Во,** ____________

**ПОТПИС И ФАКСИМИЛ**
**НА МАТИЧЕН ЛЕКАР**

**БАРТЕЛОВ**
**ИНДЕКС**

Активност Бодови

ХРАНЕЊЕ

0 = неспособен
5 = потребна му е помош при сечење, мачкање путер итн.,
или модифицирана диета
10 = независен ______

КАПЕЊЕ
0 = зависен
5 = независен (или во туш кабина) ______

ЛИЧНА ХИГИЕНА
0 = потребна му е помош во одржување на лична хигиена
5 = независен во одржување на лице/коса/заби/бричење
(со обезбедени средства) ______

ОБЛЕКУВАЊЕ
0 = зависен
5 = потребна му е помош, но може половината да го заврши сам
10 = независен (вклучувајќи копчиња,патенти,врвки итн) ______

СТОЛИЦА
0 = невоздржано (или потребно е да зема лаксативи)
5 = повремени незгоди
10 = воздржано ______

МОКРЕЊЕ
0 = невоздржано или со употреба на катетер и не може да се грижи сам
5 = повремени незгоди
10 = воздржано ______

ОДЕЊЕ ВО ТОАЛЕТ
0 = зависен
5 = потребна му е помош, но делумно може да заврши сам
10 = независен (седнување и станување,облекување, бришење) ______

ПРЕМЕСТУВАЊЕ (ОД КРЕВЕТ НА СТОЛЧЕ И СПРОТИВНО)
0 = неспособен, нема седечка рамнотежа
5 = голема помош при (едно или две лица, физичка), може да седи
10 = мала помош (вербална или физичка)
15 = независност ______

ПОДВИЖНОСТ (НА РАМНИ ПОВРШИНИ)
0 = неподвижен или подвижен <50 метри
5 = независен од количка, вклучувајќи агли,>50метри
10 = се движи со помош на едно лице (вербална или физичка), ,>50метри
15 = независен (може да употребува ортопедски помагала;
на пр. Бастум, 50метри ______

СКАЛИ
0 = неспособен
5 = потребна му е помош (вербална, физичка, помош со носење
10 = независен ______

**ВКУПНО (0-100)**

______

______
Место и датум

**ПОТПИС И ФАКСИМИЛ**
**НА МАТИЧЕН ЛЕКАР**

Напомена: * за веродостојноста на податоците во образецот одговорноста е на матичниот лекар

**Прилог бр. 6**

## СТРУЧНА КОМИСИЈА ЗА ДАВАЊЕ НАОД, ОЦЕНА И МИСЛЕЊЕ ЗА ПОТРЕБАТА ОД ПОМОШ И НЕГА ОД ДРУГО ЛИЦЕ

Стручна комисија бр. _____
Наод бр. _____________
Датум _____________

Центар за социјални работи

___________________________
бр. _______ Датум _________

### НАОД, ОЦЕНА И МИСЛЕЊЕ ЗА ПОТРЕБАТА ОД ПОМОШ И НЕГА ОД ДРУГО ЛИЦЕ

**1. Општи податоци за лицето за кое се однесува барањето**

_______________________________________________
(име, име на едниот од родителите, презиме)
МБГ:☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐
Место на раѓање_______________________________

Адреса и место на живеење _______________________________________________

Пол : ☐ машки ☐ женски

**2. НАОДОТ, ОЦЕНАТА И МИСЛЕЊЕТО СЕ ДАВА ВРЗ ОСНОВА НА** :

а) Непосреден преглед на лицето и увид во медицинската и др. документација
б) Увид во медицинската документација

**3. Збирни резултати од прегледот и испитувања на членовите на стручната комисија:**

**4.Дијагноза на болеста со назначување на шифрата:**

**5.Приложена медицинска документација:**

**6.Оцена и мислење за потребата од помош и нега од друго лице:**

☐ има потреба ☐ нема потреба ☐ имал/а потреба ☐ немал/а потреба
☐ помал обем ☐ поголем обем

**Контролен преглед:**

☐ има потреба : ☐ по 6 месеци ☐ по 12 месеци ☐ по 24 месеци
☐ нема потреба (од дата на одлуката на комисијата)

**Забелешка :**

**Членови на комисија:**

Претседател_____________________ 1.Член _____________________

2.Член _______________

МП

**Прилог бр. 7**

## ВТОРОСТЕПЕНА КОМИСИЈА ЗА ДАВАЊЕ НАОД, ОЦЕНА И МИСЛЕЊЕ ЗА ПОТРЕБАТА ОД ПОМОШ И НЕГА ОД ДРУГО ЛИЦЕ

Предмет број ____________
На ден _______________ година

**1. Општи податоци за лицето за кое се однесува барањето**
__________________________________ МБГ : ______________________________
(име, име на едниот од родителите, презиме)
Место на живеење ___________________________

Второстепената комисија за давање Наод, оцена и мислење за потребата од помош и нега од друго лице формирана од министерот за социјална политика, демографија и млади при решавање по поднесена жалба против првостепено решение за остварување право на паричен надоместок за помош и нега од друго лице, ги разгледа списите во предметот, Наодот, оцената и мислењето на Стручната комисија за давање Наод, оцена и мислење за потребата од помош и нега од друго лице и приложената медицинска документација и утврди:

**2.Дијагноза на болеста со назначување на шифрата:**

_________________________________________________________________________

_________________________________________________________________________

**3.Оцена и мислење за потребата од помош и нега од друго лице:**
☐ нема потреба од помош и нега од друго лице
☐ има потреба: ☐ помал обем ☐ поголем обем

**Контролен преглед:**
☐ нема потреба
☐ има потреба: ☐ по 6 месеци ☐ по 12 месеци ☐ по 24 месеци
(од датум на одлуката на комисијата)
☐ Потребно е повторно да биде упатен и прегледан од страна на Стручната комисија за давање наод, оцена и мислење за потребата од помош и нега од друго лице.

**Членови на комисија:**
Претседател_____________________________

_________________________________

Член ____________________________

_________________________________

Член ____________________________

_________________________________

МП

Прилог бр. 8

**ЛИСТА**
**НА ТРАЈНИ И ПРИВРЕМЕНИ ПРОМЕНИ НА**
**ЗДРАВСТВЕНАТА СОСТОЈБА**

**ГРУПА I**

**БОЛЕСТ ОД ВИРУСОТ НА ХУМАНА ИМУНОДЕФИЦИЕНЦИЈА(B20-B24)**

1. Напредната и завршна симптоматска фаза на болеста

- трајни промени на здравствената состојба - постојана потреба од помош и нега од друго лице во поголем обем, при Бартелов индекс: 0-60
- трајни промени на здравствената состојба - постојана потреба од помош и нега од друго лице во помал обем, при Бартелов индекс: 61-90

**СЕКВЕЛИ ОД ИНФЕКТИВНИ И ПАРАЗИТСКИ БОЛЕСТИ Б90-Б94**

**B91 Секвели од полиомиелит**
Да се оцени според *G00 – G09*

**B94 Секвели од други означени инфективни и паразитски болести**
B94.0 Секвели од трахом
Да се оцени според *H15 – H22*
B94.1 Секвели од вирусен енцефалит
Да се оцени според *G00 – G09*

**ГРУПА II**
**НЕОПЛАЗМИ (C00-D48)**
**МАЛИГНИ НЕОПЛАЗМИ (C00-C97)**

**За: Сите видови на малигноми во терминална фаза на болеста**

1.Малигном со BMI помал од 60% или
Малигном со регионални и оддалечени метастази (T било кој N било кој $M_1$)
2. Отпусна листа или извештај од специјалист по ОРЛ болести или максилофацијален хирург со назначена хистопатолошка дијагноза и/или TNM класификација
- извештај од онколог ако е спроведена зрачна и/или хемотерапија
- извештај за постапките и анализи извршени заради дијагностика и лекување
3. индекс на телесна маса - BMI=кг / (висина во метри)$^2$ да биде < 14,5 мажи и <14 жени (< 60%) од саканата -нормалната телесна тежина или Бартелов индекс 0-60

- трајни промени на здравствената состојба - постојана потреба од помош и нега од друго лице во поголем обем

***ОДРЕДЕНИ ЗАБОЛУВАЊА ШТО ГО ЗАФАЌААТ ИМУНИОТ МЕХАНИЗАМ (D80 - D89)***

D86 Саркоидоза

1. Напредната форма на болеста со развој на глобална хронична респираторна инсуфициенција ($PaO_2$ < 9,3 kPa со $PaCO_2$ > 6,0 kPa) и хронично белодробно срце
2. Наоди од интернист/пулмолог коишто треба да содржат лабораторија* (со гама глобулини, серумска ангиотензин конвертаза, калциум во серум и урина), спирометрија, гасни анализи, Ртг или КТ на бели дробови, бронхоскопија со биопсија и патохистолошки наод, ЕКГ, ехокардиограм
3. Бартелов индекс: 0-90
   - трајни промени на здравствената состојба - постојана потреба од помош и нега од друго лице во поголем обем, при Бартелов индекс: 0-60
   - трајни промени на здравствената состојба - постојана потреба од помош и нега од друго лице во помал обем, при Бартелов индекс: 61-90

**ГРУПА IV**
**ЕНДОКРИНИ, НУТРИТИВНИ И МЕТАБОЛИЧНИ**
**БОЛЕСТИ (Е00-Е90)**

**ДИЈАБЕТЕС МЕЛИТУС( Е10 - Е14)**

Се оценуваат реналните, офталмичните, невролошките, периферни циркулаторни и мултипли компликации под *Група XIV N00-N99, Група 7 H00- H59 Група VI G00-G99* и Група IX I 00 - I 99

**МАЛНУТРИЦИИ И НУТРИТИВНИ ДЕФИЦИТИ (Е40 - Е43)**

**Е40 Квашиоркор**

**Е41 Нутритивен маразам**

**Е42 Маразмичен квашиоркор**

**Е43 Неозначена тешка протеин-енергетска малнутриција**

1. индекс на телесна маса - BMI =кг / (висина во метри) $^2$ да биде < 14,5 мажи и <14 жени (< 60% од саканата-нормалната телесна тежина
2. Наоди од интернист кои што треба да содржат лабораториски наод со протеинограм, ЕКГ
3. Бартелов индекс: 0-90
   - трајни промени на здравствената состојба - постојана потреба од помош и нега од друго лице во поголем обем, при Бартелов индекс: 0-60
   - трајни промени на здравствената состојба - постојана потреба од помош и нега од друго лице во помал обем, при Бартелов индекс: 61-90

**Е84 Цистична фиброза**

**Е84.0Цистична фиброза со пулмонални манифестации**

1. Глобална хронична респираторна инсуфициенција (PaO2 < 9,3 kPa со PaCO2 > 6,0 kPa)
2. Наоди од педијатар или интернист/пулмолог коишто треба да содржат Ртг на бели дробови и срце, спирометрија, гасни анализи, ЕКГ, ехокардиограм, лабораториски* наод, хлориди во потта
3. Бартелов индекс: 0-90
- трајни промени на здравствената состојба - постојана потреба од помош и нега од друго лице во поголем обем, при Бартелов индекс: 0-60
- трајни промени на здравствената состојба - постојана потреба од помош и нега од друго лице во помал обем, при Бартелов индекс: 61-90

**ГРУПА V**
**ДУШЕВНИ РАСТРОЈСВА И РАСТРОЈСТВА ВО ОДНЕСУВАЊЕТО**
**(F00-F99)**

**ОРГАНСКИ, ВКЛУЧУВАЈЌИ ГИ И СИМПТОМАТСКИТЕ ДУШЕВНИ РАСТРОЈСТВА (F00-F09)**

**За:**
**F00 (и G30)Деменција кај Алцхајмерова (Alzheimer) болест ,**
**F01 Васкуларна деменција ,**
**F02.0 (и G31) Деменција кај Пикова (Pick) болест ,**
**F02.1 ( и A81.0)Деменција кај Кројцфелд-Јакобова (Creutzfeld-Jakob) болест ,**
**F02.2 (и G10)Деменција кај Хантингтонова (Hungtinton) болест,**
**F02.3 (и G20)Деменција кај Паркинсонова (Parkinson) болест ,**
**F02.4 (и B22.0)Деменција кај болеста од вирусот на хуманата имунодефициенција (HIV) ,**
**F02.8 Деменција кај други означени болести класифицирани на друго место**

1. Прогресивен тек или тек во скокови "чекор по чекор", пропаѓање на когнитивните функции (губиток на памтење, нарушено внимание,сфаќање, резонирање, апстрактно мислење, перцепции, способност на учење, пресметување, јазични функции), детериорација на контролата на емоциите и социјалното однесување.
Иреверзибилни форми со умерен и тежок степен на дементност.
2. Наоди од психијатар кои треба да содржат: анамнеза, невролошки статус во карактеристични црти, психички статус, дијагноза со шифра од меѓународна класификација, мислење за потреба од понатамошно лекување и евентуално клиничко испитување.
Претходно клиничко испитување со извештај кој ќе ги содржи сите основни елементи за ова заболување, со посебен осврт на наодот на клиничкиот психолог, видот на заболувањето или растројството, прогноза и можности за ресоцијализација.
Хоспитализација или најмалку 2 години амбулантско следење на лекар специјалист психијатар и конзилијарно мислење.

3. Прашалник - Кратко испитување на менталната состојба (The Mini Mental State Exsamination) пополнета од психолог-0-25. или Бартелов индекс: 0-90.
- трајни промени на здравствената состојба - постојана потреба од помош и нега од друго лице во поголем обем, при Кратко испитување на менталната состојба: 0-20 или Бартелов индекс: 0-60

**ШИЗОФРЕНИЈА, ШИЗОТИПНИ И НАЛУДНИЧАВИ РАСТРОЈСТВА (F20-F29)**

1. Хроничен, прогредиентен или интермитентен тек, нарушени психички функции , (мислење, афект, волја, нагони и перцепции), со тенденција кон интелектуално пропаѓање и дезорганизација на личноста.
Тешки форми со чести психотични епизоди со одржување на симптомите, форми со чести рецидиви со оштетување на личноста или хронични прогресивни форми.

2. Наоди од психијатар кои треба да содржат: анамнеза, невролошки статус во карактеристични црти, психички статус, дијагноза со шифра од меѓународна класификација, мислење за потреба од понатамошно лекување и евентуално клиничко испитување.
Предходно клиничко испитување со извештај кој ќе ги содржи сите основни елементи за ова заболување, со посебен осврт на наодот на клиничкиот психолог, видот на заболувањето или растројството, прогноза и можности за ресоцијализација.
Хоспитализација или најмалку 2години амбулантско следење на лекар специјалист психијатар. Конзилијарно мислење.
3. Скалата за глобална проценка на функционирање на возрасни лица (Adult's Global Assessment of Functioning Scale-GAF) пополнета од страна на психолог -0-50.

- трајни промени на здравствената состојба - постојана потреба од помош и нега од друго лице во поголем обем, при Скала за глобална проценка на функционирање на возрасни лица (Adult's Global Assessment of Functioning Scale-GAF ) 0-30.

**РАСТРОЈСТВА НА РАСПОЛОЖЕНИЕТО (АФЕКТИВНИ РАСТРОЈСТВА) (F30-F39)**

1. Хроничен тек со егзацербации и ремисии, со нарушен афект кој води до оштетување на другите психички функции (внимание, мислење, нагони, волја), но не води до интелектуално пропаѓање, намалена критичност, зголемена опасност од суицидни тенденции.
Тешки форми како: делирантната манија, агитираната депресија, ступорозна депресија, форми со чести егзацербации и слободни интервали пократки од 6 месеци и форми резистентни на терапија без можност за постигнување на задоволителни ремисии.

2. Наоди од психијатар кои треба да содржат: анамнеза, невролошки статус во карактеристични црти, психички статус, дијагноза со шифра од меѓународна класификација, мислење за потреба од понатамошно лекување и евентуално клиничко испитување.
Предходно клиничко испитување со извештај кој ќе ги содржи сите основни елементи за ова заболување, со посебен осврт на наодот на клиничкиот психолог, видот на заболувањето или растројството, прогноза и можности за ресоцијализација.
Хоспитализација или најмалку 2години амбулантско следење на лекар специјалист психијатар и конзилијарно мислење.

3. Скалата за глобална проценка на функционирање на возрасни лица (Adult's Global Assessment of Functioning Scale-GAF) пополнета од страна на психолог -0-50.

- привремени промени на здравствената состојба - привремена потреба од помош и нега од друго лице во поголем обем, при Скала за глобална проценка на функционирање на возрасни лица (Adult's Global Assessment of Functioning Scale-GAF) 0-30, со контролен преглед - по 24 месеци

**ДУШЕВНА ЗАОСТАНАТОСТ (F73-F79)**
**F72 Тешка душевна заостанатост**

1. Коефициент на интелегенција 20-34 одреден со стандардизирани тестови.
2. Медицинска документација од специјализирани установи во која се потврдува критериумот верифицирана од психолог.

3. Бартелов индекс: 0-60

- трајни промени на здравствената состојба - постојана потреба од помош и нега од друго лице во поголем обем

**F 73 Длабока душевна заостанатост**

1. Коефициент на интелегенција под 20 одреден со стандардизирани тестови.
2. Медицинска документација од специјализирани установи во која се потврдува критериумот верифициран од психолог.
3. Бартелов индекс: 0-60
   - трајни промени на здравствената состојба - постојана потреба од помош и нега од друго лице во поголем обем

**ГРУПА VI**

**БОЛЕСТИ НА НЕРВНИОТ СИСТЕМ (G00-G99)**

**ВОСПАЛИТЕЛНИ БОЛЕСТИ НА ЦЕНТРАЛНИОТ НЕРВЕН СИСТЕМ (G00 – G09)**

Потреба од помош и нега од друго лице има кај последиците од прележаните воспалителни болести (тешки парези, парализи, екстрапирамиден синдром, интелектуални нарушувања) коишто се опишани во соодветни подгрупи на оваа група на болести.

**СИСТЕМСКИ АТРОФИИ ШТО ПРИМАРНО ГО ЗАФАЌААТ ЦЕНТРАЛНИОТ НЕРВЕН СИСТЕМ (G11–G13)**

**За:**

**Г11 Хередитарна атаксија ,**

**Г11.1 Церебеларна атаксија со ран почеток - Фридрајхова (Friedreich) атаксија**

**Г12 Спинална мускулна атрофија ,**

**Г12.2 Болест на моторниот неврон** - Амиотрофична латерална склероза (Sclerosis lateralis amyotrophica) и сродни синдроми.

1. Бавно прогресивен тек, разновидна симптоматологија во зависност од болеста (спастичен синдром со спастична слабост на екстремитетите, синдром на спинална мускулна атрофија со мускулна слабост и атрофии, булбарна парализа со дисфагија и дизартрија, атаксија, атрофија на оптикус со слепило).
Тешки параплегични или квадриплегични форми или само булбарни форми.
2. Наоди од невролог кои треба да содржат анамнеза, исцрпен невролошки статус, психички статус, дијагноза со шифра од меѓународната класификација на болести, мислење за потреба од понатамошно лекување, евентуално клиничко испитување и прогноза.
Претходни клинички испитувања што опфаќаат: EMG, CT или NMR на мозок и рбетен мозок, мускулна биопсија.
Хоспитализација.
3. Бартелов индекс: 0-90
   - трајни промени на здравствената состојба - постојана потреба од помош и нега од друго лице во поголем обем, при Бартелов индекс: 0-60
   - трајни промени на здравствената состојба - постојана потреба од помош и нега од друго лице во помал обем, при Бартелов индекс: 61-90

***ЕКСТРАПИРАМИДНИ ЗАБОЛУВАЊА И ЗАБОЛУВАЊА НА ДВИЖЕЊЕТО (G20 – G26)***

**За:**

**G20 Паркинсонова болест,**

**G21 Секундарен паркинсонизам,**

**G23 Други дегенеративни болести на базалните ганглии,**

**G24 Дистонија,**

**G25 Други екстрапирамидни заболувања и болести на движењето**

Во оваа група се вбројуваат и следните болести кои што во меѓународната класификација се распоредени во други групи: Хепатолентикуларна дегенерација-Вилсонова (Wilson) болест (E83) и Хронична прогресивна хередитарна хореа (Morbus Huntington) (G10).

1. Хроничен прогресивен тек, присуство на хипокинетско-хипертоничен синдром (ригор, акинезија, тремор) или на хиперкинетско-хипотоничен синдром (хореа, атетоза, бализам, дистонија) во зависност од болеста. Психички нарушувања (успорен мисловен процес, налудничави идеи, лабилно расположение и нарушен афект, до деменција).
Развиена клиничка слика или интелектуално пропаѓање до деменција.
2. Наоди од невролог кои треба да содржат анамнеза, исцрпен невролошки статус, психички статус, дијагноза со шифра од меѓународната класификација на болести, мислење за потреба од понатамошно лекување, евентуално клиничко испитување и прогноза.
Претходни клинички испитувања: EEG, EMG, CT.
Хоспитализација.Конзилијарно мислење.
3. Бартелов индекс: 0-90

- трајни промени на здравствената состојба - постојана потреба од помош и нега од друго лице во поголем обем, при Бартелов индекс: 0-60
- трајни промени на здравствената состојба - постојана потреба од помош и нега од друго лице во помал обем, при Бартелов индекс: 61-90

**ДЕМИЕЛИНИЗИРАЧКИ БОЛЕСТИ НА ЦЕНТРАЛНИОТ НЕРВЕН СИСТЕМ (G35 – G37)**

**За:**

**G35 Мултипла склероза**

**G36 Друга акутна дисеминирана демиелинизација**

1. Хроничен прогресивен тек на болеста, но може да биде со повремени ремисии и егзацербации, со разновидност на симптоматологијата: ретробулбарен неуритис со слепило, офталмоплегија со диплопии, нистагмус, церебеларна атаксија, интенционен тремор, спастична парапареза, спастично атаксичен од, психички промени (еуфорија и интелектуално пропаѓање).
Малигна форма на болеста, но и бенигна форма во поодминат стадиум со изразени пречки во моториката.
2. Наоди од невролог кои треба да содржат анамнеза, исцрпен невролошки статус, психички статус, дијагноза со шифра од меѓународната класификација на болести, мислење за потреба од понатамошно лекување, евентуално клиничко испитување и прогноза.
Преттходни клинички испитувања: лумбална пункција и електрофореза на ликвор (тотални протеини, гама глобулини IgG, IgA и IgM, плазма клетки),VEP (визуелни евоцирани потенцијали), BAEP (аудитивни евоцирани потенцијали), NMR (нуклеарна магнетна резонанца), CT (компјутеризирана томографија), EEG (електроенцефалографија), преглед на серум (гама глобулини).
Хоспитализација.
3. Бартелов индекс: 0-90

- трајни промени на здравствената состојба - постојана потреба од помош и нега од друго лице во поголем обем, при Бартелов индекс: 0-60

- трајни промени на здравствената состојба - постојана потреба од помош и нега од друго лице во помал обем, при Бартелов индекс: 61-90

**ЕПИЗОДНИ И ПАРОКСИЗМАЛНИ ЗАБОЛУВАЊА (G40-G47)**

**За:**

**1. Повремена, изненадна појава на напади на генерализирани тонично клонични грчеви со нарушена свест, парцијални напади со секундарна генерализација, парцијални напади со комплексна психичка симптоматологија.**
**Форми резистентни на терапија, со лошо контролирани напади и со психички промени.**
**2. Наоди од невролог кои треба да содржат анамнеза, исцрпен невролошки статус, психички статус, дијагноза со шифра од меѓународната класификација на болести, мислење за потреба од понатамошно лекување, евентуално клиничко испитување и прогноза.**

Претходни клинички испитувања: EEG, CT.
Хоспитализација.

- Само врз основа на медицинската документација- и конзилијарно мислење за трајни промени на здравствената состојба - постојана потреба од помош и нега од друго лице во поголем обем

**ПОЛИНЕВРОПАТИИ И ДРУГИ ЗАБОЛУВАЊА НА ПЕРИФЕРНИОТ НЕРВЕН СИСТЕМ (G60 – G64)**

1. Присуство на сензомоторни невролошки нарушувања (парези, парализи, атаксија), во склоп на акутно или хронично оштетување на периферниот нервен систем од различни причини (воспалителни, токсични, метаболички, васкуларни, хередитарни).
Знатно нарушување на функционално моторниот интегритет на организмот.од траен карактер.
2. Наоди од невролог кои треба да содржат анамнеза, исцрпен невролошки статус, психички статус, дијагноза со шифра од меѓународната класификација на болести, мислење за потреба од понатамошно лекување, евентуално клиничко испитување и прогноза.
Претходни клинички испитувања што опфаќаат: лумбална пункција и преглед на ликвор ( за полирадикулонеуритис), EMG, лабораториски токсиколошки анализи.
Хоспитализација.
3. Бартелов индекс: 0-90

- Привремени промени на здравствената состојба - привремено потреба од помош и нега од друго лице во поголем обем, при Бартелов индекс: 0-60 и помал обем на потреба на помош и нега при Бартелов индекс: 61-90, со контролен преглед по 24 месеци

**БОЛЕСТИ НА НЕВРОМУСКУЛНА СПОЈКА И МУСКУЛНИ БОЛЕСТИ (G70 – G73)**

**G70 Мијастенија гравис и други мионеврални заболувања**

1. Хроничен, променлив тек со ремисии и егзацербации, со патолошки замор на специфични групи на мускули кои во декрешендо ја губат снагата на активност. Најчесто се зафатени мускулите на очите (птоза, страбизам, диплопии), потоа мускулите на лицето, вилиците, грлото и вратот (слаба мимичка експресија, тешкотии со жвакање и голтање и назален говор), мускулите на екстремитетите, дишните мускули и сфинктерите.

Умерени генерализирани форми со зафатени скелетни и булбарни мускули, без кризи, но со незадоволителен одговор на лекови и акутни фулминантни форми со брза прогресија, изразени респираторни кризи и лоша реакција на лекови.

2. Наоди од невролог кои треба да содржат анамнеза, исцрпен невролошки статус, психички статус, дијагноза со шифра од меѓународната класификација на болести, мислење за потреба од понатамошно лекување, евентуално клиничко испитување и прогноза.

Претходни клинички испитувања што опфаќаат: Prostigmin-ски тест, EMG, Tensilon-ски тест, тест за отривање на антитела на рецепторите на ацетилхолин.

Хоспитализација.

3. Бартелов индекс: 0-90

- трајни промени на здравствената состојба - постојана потреба од помош и нега од друго лице во поголем обем, при Бартелов индекс: 0-60
- трајни промени на здравствената состојба - постојана потреба од помош и нега од друго лице во помал обем, при Бартелов индекс: 61-90

**За:**

**G71 Примарни заболувања на мускулите**

**G71.0 Мускулна дистрофија,**

**G71.1 Миотонични заболувања,**

**G72 Други миопатии**

**G73 Заболувања на мионевралната спојка и мускул кај болести класифицирани на друго место**

1. Хроничен прогресивен тек со мускулна слабост и атрофии најчесто на проксималната мускулатура на екстремитетите, псеудохипертрофии, угаснати тетивни рефлекси и отежнат од.

Тешки форми со нарушени движења и форми со генерализирана мускулна слабост и оштетени висцерални органи.

2. Наоди од невролог кои треба да содржат анамнеза, исцрпен невролошки статус, психички статус, дијагноза со шифра од меѓународната класификација на болести, мислење за потреба од понатамошно лекување, евентуално клиничко испитување и прогноза.

Претходни клинички испитувања што опфаќаат: EMG, испитување на ензими во серум (алдолаза-ALT, трансаминази-AST, ALT, креатин фосфокиназа-CPK, лактат дехидрогеназа-LDH), мускулна биопсија.

Хоспитализација.

3. Бартелов индекс: 0-90

- трајни промени на здравствената состојба - постојана потреба од помош и нега од друго лице во поголем обем, при Бартелов индекс: 0-60
- трајни промени на здравствената состојба - постојана потреба од помош и нега од друго лице во помал обем, при Бартелов индекс: 61-90

**За:**

**G81 Хемиплегија,**

**G82 Параплегија и тетраплегија**

**G83 Други паралитични синдроми**

Состојби кои што се стари и долготрајни, од непозната причина.

1. Присуство на парализи или парези од тежок степен што ги ограничуваат движењата и активностите.

2. Наоди од невролог кои треба да содржат анамнеза, исцрпен невролошки статус, психички статус, дијагноза со шифра од меѓународната класификација на болести, мислење за потреба од евентуално клиничко испитување и прогноза.
3. Бартелов индекс: 0-90

- трајни промени на здравствената состојба - постојана потреба од помош и нега од друго лице во поголем обем, при Бартелов индекс: 0-60
- трајни промени на здравствената состојба - постојана потреба од помош и нега од друго лице во помал обем, при Бартелов индекс: 61-90

**ГРУПА VII**

**БОЛЕСТИ НА ОКОТО И НА АДНЕКСИТЕ**

**ЗАБОЛУВАЊА НА ОПТИЧКИОТ НЕРВ И ВИДНИТЕ ПАТИШТА (H46-H48)**

**НАРУШУВАЊЕ НА ВИДОТ И СЛЕПИЛО (H53-H54)**

**H53 Нарушувања на видот**

**H53.4 Дефекти во видно поле**

1. Тоа се состојби кои настанале како последица на одредени патолошки процеси во очите и оставиле трајни промени во ширината на видното поле која што е помала од 100 околу централната фиксациона точка.
2. Отпусна листа од одделение за очни болести, ако болниот бил хоспитализиран
-Специјалистички офталмолошки наоди со податоци за функцијата на видот во период од најмалку 2 години и конзилијарно мислење
